Предлог

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден _.10.2026 година донесе,

О Д Л У К А

за прифаќање донација за изработка на документација согласно Проектна програма за адаптација, реконструкција и ревитализација на постојни објекти од ДПГУ „ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Скопје

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација - Друштво за проектирање, градежништво и услуги „ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Скопје и тоа :

-Архивски и истражни работи
-Теренски и лабораториски испитувања
-Извештај за состојбата на објектот и конструкцијата
-Анализа на стабилност и повредливост
-Основен градежно-конструктивен проект
-Проект за санација и зајакнување, доколку се утврди потреба
-Предмер и предсметка
-Технички спецификации
-Проект за заштита при работа
-Сите останати прилози и елаборати предвидени во проектната задача.

Вредноста на донацијата изнесува 1.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 2

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и ДПГУ „ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Скопје како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на Друштво за проектирање, градежништво и услуги ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје до Општина Велес е поднесено Барање за прифаќање на донација со бр.09-4084/1 од 28.09.2026 година за изработка на комплетна документација за „Користење на простор над постојни и подземни гаражи на КП 1518/2 КО Велес“.

Целта на донацијата е да се обезбеди стручна и квалитетна проектна документација која ќе овозможи понатамошна реализација на активности за уредување и ставање во функција на просторот над постојните подземни гаражи на КП 1518/2 КО Велес, во интерес на локалната заедница и граѓаните на Општина Велес.

Вредноста на донацијата ќе биде 1.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

ЕуроБоБилд Друштво за проектирање, градежништво и услуги

Инженеринг Скопје Борка Талевски 29/2, Тел. 075 467 692, 075 467 690

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Прием: 28-09-2026
Орг. един. | | | Вредност
09 | 4084/1 | 1 |

Тех.бр. А03-104/26
25.09.2026 год.

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно
20 ___ год.
Потпис,

ДО
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Совет на Општина Велес

ПРЕДМЕТ: Барање за прифаќање донација

Почитувани,

Друштвото за проектирање, градежништво и услуги ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6243622 и ЕДБ 4030007640170, застапувано од управителот Ивица Мијалков, изразува подготвеност на Општина Велес да ѝ донира изработка на комплетна проектна документација за:

„Користење на простор над постојни подземни гаражи на КП 1518/2 КО Велес“.

Донацијата опфаќа изработка на документација согласно Проектната програма за адаптација, реконструкција и ревитализација на постојни објекти, и тоа:

- Архивски и истражни работи;
- Теренски и лабораториски испитувања;
- Извештај за состојбата на објектот и конструкцијата;
- Анализа на стабилност и повредливост;
- Основен градежно-конструктивен проект;
- Проект за санација и зајакнување, доколку се утврди потреба;
- Предмер и предсметка;
- Технички спецификации;
- Проект за заштита при работа;
- Сите останати прилози и елаборати предвидени во проектната задача.

Целта на донацијата е да се обезбеди стручна и квалитетна проектна документација која ќе овозможи понатамошна реализација на активности за уредување и ставање во функција на просторот над

постојните подземни гаражи на КП 1518/2 КО Велес, во интерес на локалната заедница и граѓаните на Општина Велес.

Вредноста на донацијата ќе биде 1.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Ве молиме ова барање да биде разгледано од страна на Советот на Општина Велес и да биде донесена одлука за прифаќање на предметната донација согласно важечките законски прописи.

Со почит,

ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје

Датум: 25.09.2026 год.

Управител,

IVICA MIJALKOV

Digitally signed by IVICA MIJALKOV
Date: 2026.09.25 15:36:10 +02'00'

ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Ивица МИЈАЛКОВ